# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП

Број 7/2021 Пробиштип 09.07.2021 година Излегува по потреба


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ( Службен Весник на РМ бр.5/2005) и член 38 став 1 од Статутот на општина Пробиштип ( Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), Градоначалникот на општина Пробиштип го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е
За објавување на актите на Советот на општина Пробиштип

I. Се објавуваат актите донесени од Советот на општина Пробиштип на седницата бр.51 одржана на ден 06.07.2021 година и други акти, во Службен Гласник на општина Пробиштип и тоа:

1. Одлука за изменување и дополнување (усогласување со Закон за рамномерен регионален развој бр.24/2021) на Одлука за основање на Центар за развој на Источен плански регион бр. 26-713/3,
2. Одлука за основање на Центар за развој на Источен плански регион (пречистен текст) бр. 26-713/4,
3. Одлука за давање согласност на Годишен план за вработување на ООУ Браќа Миладиновци Пробиштип за 2022 година бр. 26-713/5,
4. Одлука за давање согласност на Измена на годишен план за вработување на Општина Пробиштип за 2021 година, бр. 26-713/6,
5. Одлука за давање согласност на Годишен план за вработување на Општина Пробиштип за 2022 година, бр. 26-713/7,
6. Одлука за давање на користење на објект туристичко научен музеј на ОУ Дом на култура Злетовски рудар Пробиштип бр. 26-713/8,
7. Одлука за основање туристичко научен музеј во Општина Пробиштип бр. 26-713/9,
8. Програма за изменување на Програмата за еднакви можности на мажите и жените на Општина Пробиштип за 2021 година бр. 26-713/10,
9. Одлука за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во СОУ „Наум Наумовски Борче“ од Пробиштип за учебната 2021/2022 година бр. 26-713/11,
10. Одлука за давање на користење движни ствари на ЈОУДГГоце Делчев Пробиштип бр. 26-713/12,
11. Одлука за отуѓување на недвижен имот сопственост на Општина Пробиштип бр. 26-713/13,

12. Одлука за давање согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад бр. 26-713/14,
13. Програма за изменување и дополнување на Програмат за изградба и одржување на улично осветлување во Општина Пробиштип за 2021 година бр. 26-713/15,
14. Програма за изменување на програма за уредување на градежно земјиште на Општина Пробиштип за 2021 година бр. 26-713/16,
15. Програма за изменување на програмата за изградба и одржување на општински патишта и улици за 2021 година бр. 26-713/17,
16. Одлука за давање Статут на заедничко јавно претрпијатие Еко исток-Североисток бр. 26-713/18,
17. Одлука за именување на член во Управен одбор на Заедничко јавно претрпијатие за управување со отпад Еко исток-Североисток Свети Николе бр. 26-713/19,
18. Одлука за изменување и дополнување на буџетот на Општина Пробиштип за 2021 година бр. 26-713/20,

II.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 08-713/22 ОПШТИНА ПРОБИШТИП
08.07.2021 година ГРАДОНАЧАЛНИК,
Пробиштип Драган Анастасов с.р.

---

Врз основа на член 26 став 5, член 82 став 2, член 84 став 2 и член 86 став 1 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на РСМ" бр.24/2021) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02), Советот на општина Пробиштип, на седницата одржана на ден 06.07.2021 година, ја донесе следната:

**Одлука**
**За изменување и дополнување**
**[усогласување со Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на РСМ" бр.24/2021)]**
**на Одлуката за основање на Центар за развој на Источниот плански регион број 07-403/11 од 18.04.2008 година**

**Член 1**

Во член 1 Одлуката за основање на Центар за развој на Источниот плански регион број 07-403/11 од 18.04.2008 година, зборовите „во влегуваат општините: Пробиштип, Кочани, Штип, Виница, Карбинци, Чешиново – Облешево, Берово, Делчево, Каменица, Пехчево и Зрновци" се бришат.

**Член 2**

Во член 3 зборовите „Васил Главинов бб" се заменуваат со зборовите „Ванчо Прќе бр.119 / кат 2".

**Член 3**

Во член 4 став 1 зборовите „ги врши следниве работи" се заменуваат со зборовите „спроведува активности и реализира задачи поврзани со развојните приоритети на Источен плански регион и тоа".

Во член 4 став 1 алинеа 3 на крајот на реченицата се додаваат зборовите зборовите „и предлог - проекти за финансирање од Програмата за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност".

Во член 4 став 1 алинеа 4 зборовите „најдоцна до 15-ти декември во тековната година до Бирото за регионален развој" се заменуваат со зборовите „во законски определениот рок".

Во член 4 став 1 алинеа 11 зборовите „на граѓани" се бришат.

Во член 4 став 1 на почетокот на алинеа 13 се додаваат зборовите „ Изготвува, поднесува апликации и".

Во член 4 став 1 алинеа 15 по зборот „работење" се додаваат зборовите „чиј составен дел е и Извештајот за финансиското работење на Центарот", а зборот „доставува" се заменува со зборот „поднесува".

Во член 4 став 1 алинеа 16 зборот „административни" се заменува со зборовите „административно - технички".

Во член 4 став 1 по алинеа 16 се додаваат три нови алинеи 17, 18 и 19, кои гласат:

„- Реализира активности за поттикнување на конкурентноста преку активна поддршка на приватниот сектор;
- Изготвува и реализира проекти и договорени задачи и услуги за министерства и други државни институции и
- Врши други активности за поттикнување на развојот на планскиот регион."

**Член 4**

Во член 5 став 1 зборот „раководител" се заменува со зборот „директор", а зборот „конкурс" се заменува со зборот „оглас" по кој се додаваат зборовите „во согласност со Законот за рамномерен регионален развој".

Во член 5 став 2 зборот „Раководителот" се заменува со зборот „Директорот", а по зборот „мнозинство" се додаваат зборовите „гласови од вкупниот број на членови со право на глас".

Во член 5 став 3 зборот „раководителот" се заменува со зборот „директорот".

**Член 5**

Членот 6 се менува и гласи:

„За директор на Центарот, може да биде избрано лице кое ги исполнува условите утврдени во Законот за рамномерен регионален развој.

Мандатот на директорот му престанува во случаите утврдени со Законот за рамномерен регионален развој.

Директорот може да биде разрешен и пред истекот на мандатот во согласност со Законот за рамномерен регионален развој.

Во случај кога не е избран директор на Центарот или предвреме му престанал мандатот, Советот за развој на планскиот регион именува вршител на должноста директор на Центарот се до изборот на нов директор, без јавен оглас, од редот на вработените во Центарот, а најдолго шест месеци.

Вршителот на должноста директор ги има сите права и обврски на директор на Центарот."

**Член 6**

Членот 7 се менува и гласи:

„Директорот на Центарот:

- го претставува и застапува Центарот,
- управува со имотот на Центарот и е потписник на сметката на Центарот,
- го предлага годишниот финансиски план и завршната годишна сметка на Центарот и завршните годишни сметки на проектите на Центарот,
- донесува Правилник за систематизација на работни места во стручната служба на Центарот, по претходно позитивно мислење од Советот за развој на Источен плански регион,
- раководи со стручната служба на Центарот,
- ги предлага на Советот за развој на планскиот регион: програми, проекти, извештаи и останатите документи кои се изготвуваат од страна на Центарот, а треба да се усвојат од страна на Советот за развој на планскиот регион,
- раководи со процесот на следење на спроведувањето на Програмата за развој на Источен плански регион,
- раководи и ги координира активностите поврзани со спроведувањето на Програмата на Министерството за локална самоуправа од Законот за рамномерен регионален развој, од надлежност на Центарот,
- раководи со изработката на Предлог-проектите за развој на планскиот регион,
- раководи со процесот на спроведување на одобрените проекти за развој на планскиот регион,
- иницира и воспоставува соработка со други надлежни државни органи и со донаторски органиции кои поддржуваат проекти за развој на Источен плански регион и на општините што влегуваат во неговиот состав,
- обезбедува правилно и законито користење, одржување и заштита на имотот на Центарот и
- врши други работи утврдени со закон и други работи поврзани со активностите на Центарот.“

**Член 7**

Членот 8 се менува и гласи:

„Центарот има стручна служба, која се организира во одделенија.

Одлуката за организација на стручната служба на Центарот ја донесува Советот за развој на Источен плански регион на предлог на директорот на Центарот.

Правата, обврските и одговорностите на вработените во стручната служба на Центарот се уредуваат во согласност со Законот за работни односи и истите немаат статус на административни службеници.

Платата на директорот на Центарот ја утврдува Министерот за локална самоуправа по претходна согласност од Владата.

Бројот на вработени службеници во Центарот и нивните плати ги определува Советот за развој на Источен плански регион.“

**Член 8**

Во член 9 став 1 зборот „раководителот“ се заменува со зборот „директорот“.

Во член 9 став 2 по зборот „Центарот“ се додаваат зборовите „за следната календарска година“, а зборовите „мора најдоцна“ се заменуваат со зборот „мора“.

Во член 9 ставот 5 се менува и гласи:

„По истекот на 3 (три) месеци Советот за развој на Источен плански регион мора да го усвои Финансискиот план на Центарот.“

**Член 9**

По членот 11 се додава нов член 11 - а кој гласи:

**„Член 11 - а**

Општините кои влегуваат во состав на Источен плански регион, кои се крајни корисници на проекти за развој на планскиот регион, исплаќаат средства во висина до 15% од проектната (пресметковна) вредност на одобрен проект на Центарот за реализација и имплементација на проектот.

Основните критериуми за висината на средствата за проектите исплатени на општините кон Центарот од ставот 1 на овој член се утврдени во Законот за рамномерен регионален развој.

Поблиските критериуми за висината на средствата за исплата за Центарот од ставот 1 на овој член ги пропишува министерот за локална самоуправа.

Средствата од ставот 1 на овој член општините, ги префрлаат на сметка на Центарот, пред започнување на постапката за јавна набавка, најдоцна во рок од 30 дена од денот на потпишување на договорот за реализација на проектот кој Бирото за регионален развој го склучува со Центарот.

Општините кои нема да ги исплатат средствата од ставот 1 на овој член, го губат правото на користење на средствата, при што Центарот ќе ги наплати договорените средства од доделените средства за реализација на проектот, а преостанатите средства ќе бидат распределени за финансирање на проекти од листата на позитивно оценетите проекти."

**Член 10**

Во член 12 став 1 зборот „Раководителот" се заменува со зборот „Директорот", а по зборовите „за работа на Центарот" се става запирка и се додаваат зборовите „кој е составен дел на годишниот извештај за работењето на Центарот,".

Во член 12 став 2 по зборот „доставува" се додаваат зборовите "на усвојување".

**Член 11**

Во член 13 став 1 зборот „раководителот" се заменува со зборот „директорот".

**Член 12**

Членот 16 се менува и гласи гласи:

„Заради имплементација на член 31 од Законот за рамномерен регионален развој, Министерот за локална самоуправа и директорот на Центарот склучуваат договор за соработка за тековната година, а Градоначаниците на општините од Источен плански регион и директорот на Центарот склучуваат договор за дополнителни средства за кофинансирање на задачите и активностите на Центарот за тековната година."

**Член 13**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во („Службен гласник на општина Пробиштип").

Број 26-713/3
06.07. 2021 година
Пробиштип

Совет на Општина Пробиштип
Претседател,
Љупчо Благоевски с.р.

Врз основа на член 26 став 5 и член 86 став 1 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на РСМ“ бр.24/2021), а согласно Одлуката за основање на Центар за развој на Источниот плански регион број 07-403/11 од 18.04.2008 година и Одлуката за изменување и дополнување [усогласување со Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на РСМ“ бр.24/2021)] на Одлуката за основање на Центар за развој на Источниот плански регион број 26-713/3 од 06.07.2021 година, Советот на општина Пробиштип, на седницата одржана на 06.07.2021 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за основање на Центар за развој на Источниот плански регион**
**(Пречистен текст*)**

**Општи одредби**

**Член 1**

Заради вршење на стручни работи од значење на Источниот плански регион, се основа Центар за развој на Источниот плански регион.

**Член 2**

Центарот за развој на Источниот плански регион има својство на правно лице и се регистрира пред надлежните државни институции, врз основа на Законот за рамномерен регионален развој.

**Член 3**

Седиште на Центарот за развој на Источниот плански регион е во Штип на улица Ванчо Прќе бр.119 / кат 2.

**Делокруг на работа на Центарот**

**Член 4**

Центарот за развој на Источниот плански регион, спроведува активности и реализира задачи поврзани со развојните приоритети на Источен плански регион и тоа:

- Ја изготвува предлог – програмата за развој на планскиот регион;
- Изготвува предлог – акционен план за имплементација на Програмата за развој на планскиот регион;
- Подготвува предлог – проекти за развој на планскиот регион и за подрачјата со специфични развојни потреби и предлог - проекти за финансирање од Програмата за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност;

---

*Пречистениот текст ги опфаќа: Одлуката за основање на Центар за развој на Источниот плански регион број 07-403/11 од 18.04. 2008 година и Одлуката за изменување и дополнување [усогласување со Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на РСМ“ бр.24/2021)] на Одлуката за основање на Центар за развој на Источниот плански регион број 26-713/3 од 06.07. 2021 година

---

- Ги доставува предлог проектите за регионален развој, врз основа на утврдената листа на предлог – проекти од страна на Советот за развој на Источниот плански регион, во законски определениот рок;
- Ги координира активностите поврзани со имплементација на Програмата за развој на планскиот регион;
- Склучува Договори со Бирото за регионален развој за реализација на проекти за развој на планскиот регион;
- Ги реализира проектите за развој на планскиот регион;

- Подготвува годишен извештај за спроведување на Програмата за развој на планскиот регион;
- Обезбедува информации до заинтересираните страни за текот на реализацијата на Програмата за развој на планскиот регион и други прашања поврзани со регионалниот развој;
- Обезбедува стручна и техничка помош за единиците на локалната самоуправа при подготвувањето на нивните програми за развој;
- Обезбедува стручни услуги за здруженијата и други заинтересирани страни за подготовка на проекти од областа на регионалниот развој;
- Ја поттикнува меѓуопштинската соработка во рамките на планскиот регион;
- Изготвува, поднесува апликации и Спроведува проекти за поттикнување на развојот на планскиот регион, финансирани од фондовите на Европската Унија и други меѓународни извори;
- Врши промоција на развојните можности на планскиот регион;
- Подготвува годишен извештај за своето работење чиј составен дел е и Извештајот за финансиското работење на Центарот и истиот го поднесува до Советот за развој на Источниот плански регион и Советите на единиците на локалната самоуправа, во состав на планскиот регион;
- Врши стручни и административно - технички работи за потребите на Советот за развој на Источниот плански регион;
- Реализира активности за поттикнување на конкурентноста преку активна поддршка на приватниот сектор;
- Изготвува и реализира проекти и договорени задачи и услуги за министерства и други државни институции и
- Врши други активности за поттикнување на развојот на планскиот регион.

**Организациска поставеност**

**Член 5**

Центарот за развој на Источниот плански регион (во понатамошниот текст: Центарот) има директор, кој се избира по пат на јавен оглас во согласност со Законот за рамномерен регионален развој.

Директорот на Центарот го избира Совтот за развој на Источниот плански регион, со 2/3 мнозинство гласови од вкупниот број на членови со право на глас.

Мандатот на директорот на Центарот е 4 (четири) години, со право на повторен избор.

**Член 6**

За директор на Центарот, може да биде избрано лице кое ги исполнува условите утврдени во Законот за рамномерен регионален развој.

Мандатот на директорот му престанува во случаите утврдени со Законот за рамномерен регионален развој.

Директорот може да биде разрешен и пред истекот на мандатот во согласност со Законот за рамномерен регионален развој.

Во случај кога не е избран директор на Центарот или предвреме му престанал мандатот, Советот за развој на планскиот регион именува вршител на должноста директор на Центарот се до изборот на нов директор, без јавен оглас, од редот на вработените во Центарот, а најдолго шест месеци.

Вршителот на должноста директор ги има сите права и обврски на директор на Центарот.

**Член 7**

Директорот на Центарот:

- го претставува и застапува Центарот,
- управува со имотот на Центарот и е потписник на сметката на Центарот,
- го предлага годишниот финансиски план и завршната годишна сметка на Центарот и завршните годишни сметки на проектите на Центарот,
- донесува Правилник за систематизација на работни места во стручната служба на Центарот, по претходно позитивно мислење од Советот за развој на Источен плански регион,
- раководи со стручната служба на Центарот,
- ги предлага на Советот за развој на планскиот регион: програми, проекти, извештаи и останатите документи кои се изготвуваат од страна на Центарот, а треба да се усвојат од страна на Советот за развој на планскиот регион,
- раководи со процесот на следење на спроведувањето на Програмата за развој на Источен плански регион,
- раководи и ги координира активностите поврзани со спроведувањето на Програмата на Министерството за локална самоуправа од Законот за рамномерен регионален развој, од надлежност на Центарот,
- раководи со изработката на Предлог-проектите за развој на планскиот регион,
- раководи со процесот на спроведување на одобрените проекти за развој на планскиот регион,
- иницира и воспоставува соработка со други надлежни државни органи и со донаторски органиции кои поддржуваат проекти за развој на Источен плански регион и на општините што влегуваат во неговиот состав,
- обезбедува правилно и законито користење, одржување и заштита на имотот на Центарот и
- врши други работи утврдени со закон и други работи поврзани со активностите на Центарот.

**Член 8**

Центарот има стручна служба, која се организира во одделенија.

Одлуката за организација на стручната служба на Центарот ја донесува Советот за развој на Источен плански регион на предлог на директорот на Центарот.

Правата, обврските и одговорностите на вработените во стручната служба на Центарот се уредуваат во согласност со Законот за работни односи и истите немаат статус на административни службеници.

Платата на директорот на Центарот ја утврдува Министерот за локална самоуправа по претходна согласност од Владата.

Бројот на вработени службеници во Центарот и нивните плати ги определува Советот за развој на Источен плански регион.

**Финансирање на Центарот**

**Член 9**

Центарот има финансиски годишен план, кој се предлага од страна на директорот на Центарот, а се усвојува од страна на Советот за развој на Источниот плански регион.

Предлог финансиски годишен план на Центарот за следната календарска година, мора да се достави до Советот за развој на Источниот плански регион, најдоцна до 1 (први) декември, во тековната година, а истиот се усвојува од страна на Советот до крајот на декември во тековната година.

Во случај на недонесување на Одлука за усвојување на финансискиот годишен план на Центарот, се донесува Одлука за времено финансирање на Центарот.

Временото финансирање на Центарот, не може да биде подолго од три месеци.

По истекот на 3 (три) месеци Советот за развој на Источен плански регион мора да го усвои Финансискиот план на Центарот.

**Член 10**

Единиците на локалната самоуправа, кои се во состав на Источниот плански регион, се согласни да го финанираат тековното работење на Центарот, со што секоја година ќе планираат ставка во своите буџети за финансирање на Центарот.

**Член 11**

Висината на финансиските средства кои ќе ги издвојува секоја единица на локалната самоуправа, која е во состав на Источниот плански регион, се определува на 10 денари по глава на жител.

Висината на финансиските средства кои единиците на локалните самоуправи ги трансферираат за тековното работење на Центарот, може да се промени со Одлука на Советите на единиците на локалната самоуправа, кои се во состав на Источниот плански регион.

Трансферот на средствата ќе се врши квартално, за секој квартал однапред.

Центарот за развој на Источниот плански регион има сметка во системот на Трезорската сметка.

**Член 11 – а**

Општините кои влегуваат во состав на Источен плански регион, кои се крајни корисници на проекти за развој на планскиот регион, исплаќаат средства во висина до 15% од проектната (пресметковна) вредност на одобрен проект на Центарот за реализација и имплементација на проектот.

Основните критериуми за висината на средствата за проектите исплатени на општините кон Центарот од ставот 1 на овој член се утврдени во Законот за рамномерен регионален развој.

Поблиските критериуми за висината на средствата за исплата за Центарот од ставот 1 на овој член ги пропишува министерот за локална самоуправа.

Средствата од ставот 1 на овој член општините, ги префрлаат на сметка на Центарот, пред започнување на постапката за јавна набавка, најдоцна во рок од 30 дена од денот на потпишување на договорот за реализација на проектот кој Бирото за регионален развој го склучува со Центарот.

Општините кои нема да ги исплатат средствата од ставот 1 на овој член, го губат правото на користење на средствата, при што Центарот ќе ги наплати договорените средства од доделените средства за реализација на проектот, а преостанатите средства ќе бидат распределени за финансирање на проекти од листата на позитивно оценетите проекти.

**Член 12**

Директорот на Центарот доставува на усвојување годишен финансиски извештај за работа на Центарот, кој е составен дел на годишниот извештај за работењето на Центарот, до Советот за развој на Источниот плански регион.

Усвоениот годишен финансиски извештај се доставува на усвојување до Советите на Единиците на Локалната Самоуправа од Источниот плански регион.

**Член 13**

На предлог на членовите на Советот или на предлог на директорот на Центарот, може да се покрене иницијатива за промена на висината на финансиските средства за тековното работење на Центарот.

**Преодни и завршни одредби**

**Член 14**

Центарот за развој на Источниот плански регион, е основан откако сите Совети на Единиците на Локалната Самоуправа од Источниот плански регион ќе донесат Одлука за основање на Центарот.

**Член 15**

Најдоцна во рок од три месеци од усвојувањето на оваа Одлука, од страна на сите Совети на единици на локалната самоуправа, треба да се изврши избор на раководител на Центарот од страна на Советот.

До изборот на раководител на Центарот за развој на Источниот плански регион, се овластува претседателот на Источниот плански регион да ги преземе обврските поврзани со регистрација на Центарот пред надлежните државни институции и останатите обврски утврдени со Законот за рамномерен регионален развој и оваа Одлука.

**Член 16**

Заради имплементација на член 31 од Законот за рамномерен регионален развој, Министерот за локална самоуправа и директорот на Центарот склучуваат договор за соработка за тековната година, а Градоначалниците на општините од Источен плански регион и директорот на Центарот склучуваат договор за дополнителни средства за кофинансирање на задачите и активностите на Центарот за тековната година.

**Член 17**

Овде да се препише влегувањето во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

***ЗАВРШНА ОДРЕДБА***

**од Одлуката за изменување и дополнување [усогласување со Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на РСМ“ бр.24/2021)] на Одлуката за основање на Центар за развој на Источниот плански регион број 26-713/3 од 06.07.2021 година**

**Член 13**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во („Службен гласник на општина Пробиштип“).

Број 26-713/4 Совет на Општина Пробиштип
06.07.2021 година Претседател,
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 5 став 2 и член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен Весник на Република Македонија бр.27/2014, 199/2016, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и 143/2019), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 06.07.2021 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За давање согласност на годишен план за вработување на ООУ Браќа Миладиновци Пробиштип за 2022 година**

Член 1

Се дава согласност на годишниот план за вработување на ООУ Браќа Миладиновци Пробиштип за 2022 година бр. 04-402/1 од 29.06.2021 година.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е годишниот план за вработување на ООУ Браќа Миладиновци Пробиштип за 2022 година бр. 04-402/1 од 29.06.2021 година.

Член 3

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општна Пробиштип

Број 26-713/5
06.07.2021 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 5 став 2 и член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен Весник на Република Македонија бр.27/2014, 199/2016, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и 143/2019), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 06.07.2021 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За давање согласност на измена на годишен план за вработување на Општина Пробиштип за 2021 година**

Член 1

Се дава согласност на измена на годишниот план за вработување на Општина Пробиштип за 2021 година бр. 04-724/1 од 05.07.2021 година.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е измената на годишниот план за вработување на Општина Пробиштип за 2021 година бр. 04-724/1 од 05.07.2021 година.

Член 3

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општна Пробиштип

Број 26-713/6
06.07.2021 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 5 став 2 и член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен Весник на Република Македонија бр.27/2014, 199/2016, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и 143/2019), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 06.07.2021 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА
**За давање согласност на годишен план за вработување на Општина Пробиштип за 2022 година**

Член 1

Се дава согласност на годишниот план за вработување на Општина Пробиштип за 2022 година бр. 04-725/1 од 05.07.2021 година.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е измената на годишниот план за вработување на Општина Пробиштип за 2022 година бр. 04-725/1 од 05.07.2021 година.

Член 3

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општна Пробиштип

Број 26-713/7 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
06.07.2021 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 64 став 3 од законот за локалната самоуправа ( Службен Весник на република Македонија бр.5/2002) и член 21 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост (Службен Весник на Република Македонија бр. 78/2015, 106/2015, 153/2015, 190/2016 и 21/2018), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 06.07.2021 година, ја донесе следната:

## ОДЛУКА
**за давање на користење на објект за туристичко научен музеј за ретки минерали на ОУ Дом на култура Злетовски Рудар Пробиштип**

Член 1

Со оваа одлука се дава на го користење, одржување и управување без надоместок недвижна ствра во сопственост на Општина Пробиштип-деловен простор во зграда на КП бр. 719/1 за КО Пробиштип евидентирана во Имотен лист бр. 5778 за КО Пробиштип и тоа:

- зграда 1, кат приземје, намена В3-3 музеј со површина од 109 м2

на Општинската Установа Дом на култура Злетовски Рудар Пробиштип за вршење на музејска дејност како туристичко научен музеј за ретки минерали-минеролошка збирка.

Член 2

Општинската Установа Дом на култура Злетовски Рудар Пробиштип се обврзува просторот да го користи наменски, редовно тековно да го одржува на свој трошок како и да ги плаќа трошоците за комунални услуги (струја, вода и телефон), да изврши осигурување од сите видови на ризик на зградата и на музејските експонати.

Член 3

Општинската Установа Дом на култура Злетовски Рудар Пробиштип, не може објектот да го дава под закуп и на користење на друго физичко или правно лице и да го става под хипотека.

Член 4

Директорот на Општинската Установа Дом на култура Злетовски Рудар Пробиштип, се обврзува да ги преземе сите потребни активности согласно законските прописи со цел отпочнување со работа на музејот.

Член 5

Доколку Општината има потреба за користење на овој простор, за престанок на правото на користење одлучува Советот на Општина Пробиштип.

Член 6

За регулирање на меѓусебните права и обврски Општина Пробиштип ќе случи договор со Општинската Установа Дом на култура Злетовски Рудар Пробиштип.

Член 7

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип

Број 26-713/8 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
06.07.2021 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина пробиштип бр.4/05, 25/14, 29/15 и 23/19) а во врска со член 4 став 3 од Законот за музеите („Службен весник на Република Македонија" бр. 66/04, 89/08, 116/10, 51/11, 88/15, 152/15 и 39/16), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 06.07.2021 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

**За основање на туристичко-научен музеј во Општина Пробиштип**

Член 1

Со оваа одлука се основа музеј во рамките на Општинската установа за култура Злетовски Рудар Пробиштип заради истражување, собирање, средување, стручно и научно обработување и проучување, заштита, чување, објавување и презентирање на музејските предмети (во натамошниот текст: музејска дејност).

Член 2

Општинската установа за култура Злетовски Рудар Пробиштип покрај останатите дејности има регистрирано музејска дејност во Централниот регистар на Република Северна Македонија, како и одредби во статутот на установата за вршење на музејска дејност.

Член 3

Општинската установа за култура Злетовски Рудар Пробиштип музејската дејност ја вршат во посебно организиран дел, под услови утврдени со законот за музеите , како музеј во состав.

Член 4

Според видот на музејските предмети, музејот во состав на ОУ Дом на култура Злетовски рудар Пробиштип ќе биде специјализиран како туристичко научен музеј за ретки минерали. Изложбените експонати претставуваат минеролошка збирка , односно минерали ископани од околината на Пробиштип.

Член 5

Музејската дејност ќе се врши во посебен објект изграден и опремен специјално за основање и работа на музејот.

Објектот за музеј се наога на ул. Павел Шатев бр.2А со површина од 109 м2 м2.

Член 6

Општина Пробиштип ќе обезбеди основни средства за почеток со работа на музејот.

Член 7

Финансиски средства за одржливо вршење на дејноста ќе се обезбедат од Општина Пробиштип и од Министерството за култура врз основа на проекти.

Член 8

Музејските материјали како основен музејски фонд ќе бидат обезбедени од Општина Пробиштип од постојниот фонд на експонати во минеролошката збирка кој се состои од ретки минерали евидентирани со посебен попис.

Музејскиот материјал и музејските предмети може да се прибавуваат и преку истражување, ископување, купување, подароци, легати, завештанија, размена и на друг начин, како и преку отстапување и преземање од други правни и физички лица согласно со закон.

Член 9

Во музејот ќе биде вработен стручен кадар од областа на рударството и минерологијата, во рамките на ОУ Дом на култура Злетовски Рудар Пробиштип, како посебна организациона единица или како посебно работно место предвидено во Правилникот за систематизација на работни места.

Член 10

Правата, обврските и одговорностите околу управување, одржување и работа со музејот како и музејската евиденција и музејската документација ќе биде обврска на ОУ Дом на култура Злетовски Рудар Пробиштип.

Член 11

Во програмата за работа на ОУ Дом на култура Злетовски Рудар Пробиштип ќе биде внесена и музејската дејност со конкретни активности во извршување на оваа дејност.

Член 12

Работното време на музејот треба да биде организирано на начин што овозможува посета на сите целни групи на посетители.

Музејската збирка ќе биде јавно достапна за сите домашни и странски посетители, и ќе работи со работно време утврдено од органите на управување.

Цената на влезниците за посета на музејската збирка ќе бидат утврдена со Одлука на Управниот одбор на ОУ Дом на култура Злетовски Рудар Пробиштип и согласност на истата од Советот на Општината .

Член 13

По истекот на секоја година ОУ Дом на култура Злетовски Рудар Пробиштип ќе поднесува извештај за работата на музејската збирка и финансиски извештај до Советот на Општината.

Член 14

Заради трајно одржување и користење на музејските предмети истите се чуваат во услови и со примена на современи технички средства што обезбедуваат нивна комплексна и ефикасна заштита.

Член 15

Музејските предмети, документацијата за нив и просторот во кој е сместен музејот, задолжително се осигуруваат кај осигурително друштво, со средства што ги обезбедува општина Пробиштип.

Член 16

Се што не е предвидено со оваа одлука ќе се применуват одредбите од Законот за музеите, Законот за култура и Законот за установите.

Член 17

Одлуката стапува во сила со донесувањето и ќе се објави во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-713/9 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
06.07.2021 година — ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип — Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став1 точка 1 од Законот за локална самоуправа(Службен весник на РМ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 11, а во врска со член 1 став 1 точка 5 од Статутот на општина Пробиштип (Службен гласник на општина Пробиштип бр.4/2005), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 06.07.2021 година ја усвои следната:

**ПРОГРАМА**
**За измена на програмата за еднакви можности на жените и мажите за општина Пробиштип за 2021година**

Со оваа програма се врши изменување на програмата за еднакви можности на жените и мажите за општина Пробиштип за 2021година бр. 26-928/15 од 30.11 2020 година објавена во Службен Гласник на општина Пробиштип бр.42/2020) , а во врска со Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство , општините како надлежни институции за спроведување на овој закон преку преземање на мерки за превенција спречување и заштита од родово базирано насилство врз жени и семејното насилство.

Се врши измена на програмата за еднакви можности на жените и мажите за општина Пробиштип за 2021година и тоа:

Се менува активноста во точка 1.2 -Обуки во образованието за вметнување на родовата компонента во годишните програми на училиштата во спроведување на нова активност во:

-Подготовка на акциски план за заштита од родово базирано насилство врз жени и семејното насилство

-Вкупниот износ од 30.000ден не се менува

| Р.Б | Активност и | Детални чекори | Очекувани резултати | Временска рамка | Одговорни/соработници | Буџет |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.2 | Подготовка на акциски план за заштита од | Подготовка на прашалници, | Утврдени цели и потреби | 2021 година | Општина Пробиштип Членови на КЕМ НВО, ЦСР, | 30.000,00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | родово базирано насилство врз жени и семејното насилство | интервјуа, превенција, промоција, предавања, обуки, работилници, услуги | | | Полиција, Здравство, Образование | |

Програмата за изменување на програмата за еднакви можности на жените и мажите за општина Пробиштип за 2021година влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објавуви во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-713/10 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
06.07.2021 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 28 став3 од од Закон за средно образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/2018). Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 06.07.2021 година, постапувајќи по барањето поднесено од СОУ „Наум Наумовски Борче" од Пробиштип бр. 08-168/23 од 01.07.2021 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во СОУ „Наум Наумовски Борче" од Пробиштип за учебната 2021/2022 година**

**Член 1**

***СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ*** на Средното општинско училиште „Наум Наумовски Борче" од Пробиштип за формирање на паралелки со помал број на ученици во учебната 2019/2020 година и тоа:

| Вид на образование/ година | Гимназиско образование | | | Спортска гимназија | Машинска стурка | Геолошко-рударска и метал. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| I | 14 | 14 | 13 | 6 | 10 | 3 |
| II | 17 | 16 | 10 | 10 | 14 | 0 |
| III | Природно-математичко, ком.А | Општествено хуманистичко ком.А | Природно-математичко, ком.А | | | |
| | 16 | 14 | 15 | 19 | 9 | 4 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| IV | Природно-математичко, ком.А | Природно-математичко, ком.Б | Општествено-хуманистичко ком.А | | | |
| | 15 | 24 | 16 | 14 | 14 | 2 |

**Член 2**

Одлуката стапува на сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-713/11 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
06.07.2021 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната замоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 32/2019) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 06.07.2021 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За давање на користење на движни ствари на**
**ЈОУ ДГ Гоце Делчев Пробиштип**

Член 1

Со оваа одлука движни ствари дадени на трајно користење на Општина Пробиштип со Одлука на Владата на Република Северна Македонија (Службен Весник на Република Северна Македонија бр.121/2021), се даваат на користење на ЈОУ Детска градинка Гоце Делчев Пробиштип и тоа:

- Бојлер вол.1315 кујна бр.1
- Електричен котел бр.1
- Фрижидер 1033 бр.1
- Фрижидер 402 бр.1
- Фрижидер за длабоко замрзнување бр.1
- Фрижидер за длабоко замрзнување бр.1
- Касета за прибор бр.1
- Линија за послужување бр.1
- Одржувач за садови бр.1
- Орман неутрален бр,1
- Печкара бр.1
- Плинска окретна тава бр.1
- Работен стол бр.1
- Скара плинска бр.1
- Судопер бр.1
- Шпорет електричен бр.1
- Шпорет електричен бр.1

Член 2

Движните ствари наведени во член 1 од оваа одлука се даваат на користење и одржување на ЈОУДГ Гоце Делчев Пробиштип. За регулирање на мегусебните права и обврски ќе се склучи договор помеѓу Општина Пробиштип и ЈОУДГ Гоце Делчев Пробиштип.

Член 3

Одлуката стапува во сила осум дена од објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-713/12 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
06.07.2021 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 а во врска со член 66 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 32 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 32/2019) а во врска со член 3 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 06.07.2021 година, на предлог на Градоначалникот на општина Пробиштип ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

**За отуѓување на недвижен сопственост на Општина Пробиштип**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува недвижниот имот сопственост на оштина Пробиштип кој ќе се отуѓува, начинот и постапката за негово отуѓување како и пазарната вредност на истиот.

**Член 2**

Отуѓувањето на недвижниот имот сопственост на општина Пробиштип ќе се изврши во постапка утврдена со Законот за користење и располагање со стварите во државна соспственост и со стварите во општинска сопственост, по пат на електронско јавно наддавање.

**Член 3**

**Се отуѓува следниот недвижен имот:**

1. **Недвижен имот-објект евидентиран во ИЛ бр. 57 за КО Лесново и тоа:**
   - КП бр. 1725, адреса село, број на зграда 1, намена на зграда Б1-5 влез 1, кат ПР, деловен простор со површина од 69 м2
   - КП бр. 1725, адреса село, број на зграда 1, намена на зграда Б1-5 влез 2, кат ПР, деловен простор со површина од 15 м2
   - КП бр. 1725, адреса село, број на зграда 1, намена на зграда Б1-5 влез 3, кат К1, деловен простор со површина од 65 м2
   - КП бр. 1725, адреса село, број на зграда 1, намена на зграда Б1-5 влез 3, кат К1, помошен простор со површина од 2 м2

Пазарната вредност на недвижниот имот е утврдена со проценка направена од Друштво за производство, промет и консалтинг Визија –Т дооел Скопје, Подружница 2 Кратово Пр.бр. 064-И/2021 од 10.06.2021 година и изнесува 1.781.087,00 денари.

2. **Недвижен имот-објект евидентиран во ИЛбр.233 за КО Лезово и тоа:**
   - КП бр. 612 место викано село , култура гиз, површина од 1405 м2
   - КП бр. 612 место викано село култура зпз1 површина од 311 м2
   - КП бр. 612, адреса Лезово, број на зграда 1, намена на зграда В1-1 влез 1, кат ПО, помошна просторија со површина од 18 м2
   - КП бр. 612, адреса Лезово, број на зграда 1, намена на зграда В1-1 влез 1, кат ПР, помошна просторија со површина од 240 м2

Пазарната вредност на недвижниот имот е утврдена со проценка направена од Друштво за производство, промет и консалтинг Визија –Т дооел Скопје, Подружница 2 Кратово Пр.бр. 066-И/2021 од 10.06.2021 година и изнесува 869.723,00 денари.

3. **Недвижен имот-објект евидентиран во ИЛ бр.233 за КО Лезово и тоа:**
   - КП бр. 509 место викано Лезово , број на зграда 1, намена на зграда Б4-6, влез 1, кат ПР, деловна просторија со површина од 182 м2

Пазарната вредност на недвижниот имот е утврдена со проценка направена од Друштво за производство, промет и консалтинг Визија –Т дооел Скопје, Подружница 2 Кратово Пр.бр. 063-И/2021 од 16.06.2021 година и изнесува 490.293,00 денари.

4. **Недвижен имот-објект евидентиран во ИЛ бр.4748 за КО Пробиштип и тоа:**
   - КП бр. 1017/1, адреса Миро Барага бб, број на зграда 1, намена на зграда Б4-6 влез 1, кат ПР, деловна просторија со површина од 86 м2

Пазарната вредност на недвижниот имот е утврдена со проценка направена од Друштво за производство, промет и консалтинг Визија–Т дооел Скопје, Подружница 2 Кратово Пр.бр. 065-И/2021 од 16.06.2021 година и изнесува 1.519.286,00 денари

5. **Недвижен имот-објект евидентиран во ИЛбр.70 за КО Древено и тоа:**
   - КП бр. 1021 место викано село , култура зпз1, површина од 527 м2,
   - КП бр. 1021 место викано село, култура гнз, површина од 1129 м2,
   - КП бр. 1021, адреса Древено, број на зграда 1, намена на зграда В1-7, влез 1, кат ПР, помошна просторија со површина од 72 м2,
   - КП бр. 1021, адреса Древено, број на зграда 1, намена на зграда В1-7, влез 1, кат ПР, Други посебни делови од зграда, со површина од 258 м2.

Пазарната вредност на недвижниот имот е утврдена со проценка направена од Друштво за производство, промет и консалтинг Визија –Т дооел Скопје, Подружница 2 Кратово Пр.бр. 067-И/2021 од 10.06.2021 година и изнесува 839.291,00 денари

**Член 4**

Утврдената пазарна вредност на недвижноста претставува почетна цена за електронското јавното наддавање согласно Законот за користење и располагање со стварите во државна соспственост и со стварите во општинска сопственост .

**Член 5**

Одлуката стапува во сила осум дена од објавувањет во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-713/13
06.07.2021 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

---

